Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/7
30.06 22
СКОПЈЕ

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# БИЛТЕН

**БРОЈ 248**

**Скопје, 30.06.2022**

# С О Д Р Ж И Н А

Реферат за избор/реизбор на еден наставник во сите наставно-стручни звања лектор/виш лектор по македонски јазик и руски јазик на факултетот за странски јазици при Американскиот Универзитет на Европа- ФОН....................................................................4145

Реферат за реизбор на наставник од научни области – Меѓународен менаџмент (50609) и Бизнис менаџмент (50603), на Американски универзитет на Европа – ФОН, СКОПЈЕ .....................................................................................................................................4148

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-СТРУЧНИ ЗВАЊА ЛЕКТОР/ВИШ ЛЕКТОР ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И РУСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА- ФОН, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На седмата редовна седница одржана на 4.5.2022 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа – ФОН донесе одлука за формирање Рецензентска комисија во врска со кандидатите пријавени на конкурсот за избор/реизбор на еден наставник во сите наставно-стручни звања: лектор/виш лектор по македонски јазик и руски јазик. По увидот во доставената документација, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Максим Каранфиловски, проф. д-р Димитар Пандев и проф. д-р Лилјана Митковска му го доставува на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа-ФОН следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор/реизбор на еден наставник во сите наставно-стручни звања: лектор/виш лектор по македонски јазик и руски јазик, објавен на 19.4.2022 година во весникот „Нова Македонија“, се пријави м-р Зоран Механџиски како единствен кандидат.

**М-р Зоран Механџиски**, роден 1969 година во Берово, дипломирал во 1997 на Катедрата за источнословенски и западнословенски јазици и книжевности (наставна насока) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Потоа се запишал на постдипломски студии по студиската програма Наука за јазик, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Откако ги положил предвидените испити, во 2006 година го одбранил магистерскиот труд под наслов *Категоријата таксис и нејзиниот израз во рускиот и во македонскиот јазик* и стекнал право на научен степен Магистер на филолошки науки. Положил и државен стручен испит за настава по руски и македонски јазик.

Кандидатот м-р Зоран Механџиски има повеќегодишно работно искуство како предавач по македонски и руски јазик, како и учество во повеќе проекти поврзани со наставата и оценувањето, бил ментор на повеќе матурски проектни задачи и ментор на кандидати за полагање стручен испит од областа јазик. Од 2003 до 2006 година бил ангажиран во Друштвото за интелектуални услуги и едукација ММ КОЛЕЏ Бојо и Фијат ДОО-Скопје за изведување настава по руски јазик на студенти од нематични факултети. Од септември 2006 година до 2016 година, изведува настава по македонски јазик и литература и руски јазик од I – IV година на средношколци во ПСУ „Петта приватна гимназија“ - Скопје. Во 2014-та година избран е во звањето лектор по македонски и руски јазик, а од академската 2015/16 година е во редовен работен однос на Првиот приватен универзитет ФОН (во 2020 година преименуван во АУЕ–ФОН),. Во текот на својот наставен ангажман на Универзитетот ФОН ги предава следниве предмети: Македонски јазик 1, Македонски јазик 2, Македонски јазик (немајчин), Македонски јазик за странски студенти, Руски јазик како јазик Б, Руски јазик како јазик Ц, Руска цивилизација, Деловен руски јазик, Руски јазик во струка (право, економија, детективи), Академско пишување, Теорија и техники на

комуникација. Врз основа на вкупниот професионален ангажман, во 2018 година м-р Механџиски бил реизбран во звањето лектор по македонски и руски јазик на Факултетот за странски јазици при АУЕ–ФОН, каде што продолжил да ја изведува наставата по македонски и руски јазик во рамките на Универзитетот.

Во рамките на неговиот ангажман спаѓаат и организациски и административни работи: изработка на предметните програми по македонски и руски јазик на Факултетот за странски јазици, како и за нематичните факултети при Универзитетот АЕУ-ФОН; активно учество во изработката на студиските програми за јазична и за академска подготовка на студенти од странство (едногодишни подготвителни студии); учество во комисии за одбрана на дипломски трудови; ментор на дипломски трудови. М-р Зоран Механџиски е член на повеќе комисии: претседател на Комисијата за признавање на испити на Факултетот за странски јазици, претседател на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за странски јазици и член на Универзитетската комисија за самоевалуација, ЕКТС координатор за академки развој при Факултетот за странски јазици.

Од 2007 година до денес кандидатот работи на повеќе раководни и одговорни функции: од јануари 2007 – мај 2009 бил директор на ПСУ „Петта приватна гимназија“, од мај 2009 година до 2016 година е одговорен раководител за настава во ПСУ „Петта приватна гимназија“- Скопје и заменик претседател на училишна матурска комисија. Во јуни 2009 година Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието го избрале за оценувач, за проверка и оценување на екстерниот испит по наставниот предмет македонски јазик и литература. Од септември 2015 година е назначен за директор на Центарот за подготвителна настава и тестирање за странци при Првиот приватен универзитет ФОН.

Од 2009 година до денес има добиено сертификати за учество во повеќе проекти поврзани со образованието и наставата. Ќе наведеме дел од нив: *Техники на активно учење; Унапредување на оценувањето; Градење партнерство меѓу училиштата и заедницата; Методи и постапки за планирање на наставата и вреднување и оценување на постигањата на учениците; Стратегии и техники на подучување и учење* (Интерактивна мрежа за образование и ресурси ИМОР-Битола од 16.01.2009-14.02.2009); Државен испитен центар за *оценувач* на државна матура (јуни 2010, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието). *Проект за модернизација на образованието*, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, (15.07.2010); *Акредитиран обучувач* од Бирото за развој на образованието на програмите: *Методи и постапки за планирање на наставата и вреднување и оценување на постигањата на учениците; Стратегии и техники на подучување и учење. Објективно оценување со тестови на знаења,* ПСУ „Петта приватна гимназија“ – Скопје, октомври 2011.

М-р Зоран Механџиски постојано и компаративно се надоградува во двата јазика (македонскиот и рускиот јазик), а тоа го докажуваат и неговите научно-стручни статии:

„Функционално-семантичкото поле резултативност во рускиот и во македонскиот јазик“, Вестник Московского университета. Серия 19. Лингвистика и межкультурная коммуникация. 2009. ( VIII ежегодная Международная научная конференция «Языки в современном мире»)

„За семантичката структура на глаголите што означуваат движење“, Вестник Московского университета. Серия 19. Лингвистика и межкультурная коммуникация.

2010. (IX ежегодная Международная научная конференция «Языки в современном мире»)

*Категоријата таксис и нејзиниот израз во рускиот и во македонскиот јазик*, Скопје, 2012.

Тој има учествувано на бројни специјализирани семинари и летни школи во странство од научната област јазик: посетувал курс по руски и белоруски јазик и цивилизација на Белорускиот државен универзитет во Минск, Белорусија (јули-август 1993); посетувал курс по чешки и руски јазик и цивилизација на Масариковиот универзитет во Брно, Р. Чешка (јули 1994); посетувал курс по руски јазик и цивилизација на Белорускиот државен универзитет во Минск, Белорусија (август 1995); учествувал на семинарот Jazykové kurzy EILC, Filozofická fakulta, Univerzita Karlova во Прага, Р. Чешка (ноември 2008), на студентите номинирани во рамките на програмата Erazmus ги изведувал предавањата од македонски јазик: македонскиот јазик во семејството на словенските јазици, историски развој на македонскиот јазик, кодификација на македонскиот јазик; учествувал на VIII и IX Меѓународна научна конференција „Языки в современном мире“ на Факултетот за странски јазици при Московскиот државен универзитет М.В. Ломоносов (2009 и 2010).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на приложената документација, Комисијата заклучи дека кандидатот **м-р Зоран Механџиски** целосно ги исполнува условите наведени во конкурсот за избор на лектор/виш лектор по македонски јазик и руски јазик на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа – ФОН. Врз основа на досегашната успешна работа, на вкупниот ангажман и на резултатите постигнати во наставата по македонски и по руски јазик и во научното истражување, како и во административното работење на Универзитетот АУЕ–ФОН, Комисијата смета дека кандидатот заслужува да биде избран во звањето **виш лектор.**

Поради гореизнесеното, чест и задоволство ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН да го избере кандидатот **м-р Зоран Механџиски** во звањето **виш лектор по македонски јазик и руски јазик**.

Скопје, јуни 2022 година

Рецензентска комисија:

____________________________

1. проф. д-р Максим Каранфиловски

____________________________

2. проф. д-р Димитар Пандев

____________________________

3. проф. д-р Лилјана Митковска

# **Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА РЕИЗБОР НА НАСТАВНИК од научни области – Меѓународен менаџмент (50609) и Бизнис менаџмент (50603), на **Американски универзитет на Европа – ФОН, СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот, распишан во весникот **Нова Македонија од 19 април 2022 година,** за реизбор во наставно-научно звање од научните области **Меѓународен менаџмент (50609) и Бизнис менаџмент (50603),** согласно одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки, при Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје, **од 9-тата седница одржана на 25.05.2022 година,** формирна е Рецензентската комисија во следниот состав:

1. Проф. д-р Баки Колеци, Претседател
2. Проф. д-р Васил Поповски, Член
3. Проф. Емеритус д-р Мирко Трипуноски, Член

По разгледувањето на пристигнатите документи и материјали, врз основа на Законот за високо образование и Статутарните одредби на Американскиот универзитет на Европа - ФОН од Скопје, Рецензентската комисија го поднесува следниов:

## **И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот, објавен во дневниот печат **Нова Македонија од 19 април 2022 година,** за реизбор во наставно-научно звање од научните области **Меѓународен менаџмент (50609) и Бизнис менаџмент (50603),** благовремено се пријави единствено кандидатот Доц. д-р Силвана Јовческа, доктор на економски науки, област меѓународен менаџмент, **досегашен доцент од областите, со времетраење од 02.10.2017 година.**

Врз основа на увидот во пријавата на конкурсот и податоците за научната и стручна работа на кандидатот, може да се констатира следново:

## **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Доц. д-р Силвана Јовческа е родена во Струмица каде што завршува основно и средно образование. Додипломски студии завршува и на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје и на **економскиот факултет,** УТМС, Скопје. Постдипломски студии, насока Менаџмент на човечки ресурси, завршува на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје каде **во јули, 2009 год. магистрира** на тема "Дизајнирање на тимската работа клучен фактор за организациска ефективност", по што се стекнува со титула магистер по менаџмент на човечки ресурси. Во периодот **од септември 2010 година до септември 2014 год. работи како асистент од областа на менаџментот на ФОН Универзитет, Скопје.**
Д-р Силвана Јовческа во периодот **од 2011 год. до јуни 2014 година работи на докторскиот труд** со наслов "Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар" на Економски институт "Св. Кирил и Методиј", Скопје, по што на 10 јуни 2014 година се стекнува со научен степен **доктор на економски науки.**

Во периодот од **02.10.2017 год. работи како научен соработник од областа на меѓународниот менаџмент на ФОН Универзитет, Скопје**, а од 30.09.2019 се избира во наставно-научно звање – доцент од областа на **Меѓународен менаџмент (50609) и Бизнис менаџмент (50603)**.

Доц. д-р Силвана Јовческа **од 2011 год. е дел од невладиониот сектор и Ценарот за кариера при АУЕ - ФОН Универзитет,** а од мај 2017 год. – 2022 год. е на позиција **кооридинатор на Ценарот за кариера.**

Во соработка со Министерството за култура на Р. Македонија и универзитетот ФОН, доц. д-р Силвана Јовческа го реализра проектот и е координатор на научна конференција **"И во македонската култура - лидерството е моќ на личноста, не на полот", Скопје 2019.**

Во периодот **од 17 до 22 јули 2017 год.** под менторство на д-р Силвана Јовческа и Европската асоцијација за локална демократија –АЛДА, Франција, се реализира **Летниот универзитет на тема "Сеќавање и меѓукултурен дијалог". На настанот доц. д-р Јовческа освен како организатор се јавува и како предавач на тема "Intercultural dialogue and business".**

**Доц. д- р Силвана Јовческа** активно го познава **англискиот јазик (сертификат CEFR – B2)** и има одлично познавање на **MS Office** и статистичката програма **SPSS (сертификат за статистичка анализа на податоци)**

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот **од јуни 2010 год. до септември 2014 год.,** од страна на Матичната комисија на Економскиот факултет при ФОН универзитет е избрана во звањето **асистент од областа на менаџментот. Д-р Силвана Јовческа 5 години работи како аситент на предмети од областа на менџментот** и покажува голем интерес и познавање од анализата и користењето на научните методи и постапки на истражување што се потврдува со издавање на **универзитетски учебник "Основи на научната методологија на истражување во областа на економијата", ФОН Универзитет, 2011.**

Во периодот **од октомври 2017 год.** д-р Силвана Јовческа работи како **научен соработник, а од 2019 год. како доцент од областа на меѓународниот менаџмент и бизнис менаџментот при АУЕ - ФОН универзитет на Факултетот за Економски науки,** Факултетот за Странски јазици и бизнис, Факултетот за Бизнис информатика, Факултетот за спорт и спортски менаџмент и е **предавач на предметите:** Меѓународен менаџмент, Стратегиски менаџмент, Проектен менаџмент, Теорија на организација, Меѓународен менаџмент на човечки ресурси, Деловна етика и комуникација, Организациско однесување, Однесување на потрошувачите, Теорија на одлучување, Корпоративен маркетинг менаџмент, Директен маркетинг. **Истражувањта и се** во областите: меѓународен менаџмент, бизнис менаџмент и менџмент на човечки ресурси.

Доц. д-р Силвана Јовческа е **акредитиран ментор од страна на "Одбор за акредитација и евалуација на високото образование", Министерство за**

**образование и наука, Р. Северна Македонија и има менторство** на значителен број магистри и специјализанти при АУЕ-ФОН универзитет и е **член на комисија** за одбрана на магистерски и специјалистички трудови;

**Член е и на работната група** за изработка на нови елаборати за нови студиски програми, 2017 год., на Факултетот за Економски науки, Скопје;

**Д-р Силвана Јовческа е позитивно оценета во процесот на самоевалуација во сите години од нејзиното работно искуство како асистент и наставник - предавач во областа на менаџментот, за што сведочат позитивните извештаи од комисијата за проверка и оценување на наставниот кадар на АУЕ- ФОН Универзитет, Скопје.**

**Дополнителна научна дејност:**

- **(2019 год. – тековно) – рецезент,** член на редакцискиот одбор на научно меѓународно списание на **IndraStra Global, (Thomson Reuters Web of Science/Clarivate Analytics), New York, USA**

- **(2013 год. – тековно) - рецезент,** член на редакцискиот одбор на научно меѓународно списание на државниот **Универзитет за национална и меѓународна економија (УНСС), Софија, Р. Бугарија**

**Доц. д- р Силвана Јовческа има учествувано на повеќе научни меѓународни и домашни проекти:**

- "И во македонската култура: лидерството е моќ на личноста, не на полот", **Министерство за култура на Р. Македонија, Скопје, 2019**

- "Студентска музичка пролет", **Министерство за култура на Р. Македонија, Скопје, 2018**

- "Remembrance and Intercultural Dialogue", **ALDA – the European Association for Local Democracy, Normandy, France, E.U. held in Skopje, R. Macedonia, 2017**
- Tet-a-tet With the Euro – Atlantic Values, **Friedrich-Ebert-Stiftung offices of Skopje and Paris, 2013;**

- Tet-a-tet With the Euro – Atlantic Values, **Friedrich-Ebert-Stiftung offices of Skopje and Paris, 2012;**

- Factory of Knowledge, **FON University**, **Skopje, year – 2018, 2017, 2016, 2015, 2014, 2013, 2012…**

Доц д-р Силвана Јовческа **е автор на универзитетски учебници и голем број на научни и стручни трудови на меѓународно ниво.**

**СПИСОК НА ПОЗНАЧАЈНИ ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ** со **Open Access Journals (EBSCO) и Global Impact and Quality Factor**

## ИЗДАДЕНИ КНИГИ - АКАДЕМСКИ ПУБЛИКАЦИИ

**1.** Јовческа С., Попвски В., **Меѓународен менаџмент,** универзитетски учебник, НУБ “Св. Климент Охридски”, Скопје, **2022**

**2.** Jovcheska Silvana, **International Managers, LAP Lambert, Academic Publishing, Saarbrucken, Germany, 2017**
(https://www.lap-publishing.com//system/covergenerator/build/152936)

**3.** Јовческа С., Тодоров Т., **Основи на научната методологија на истражување во областа на економијата,** универзитетски учебник, **ФОН Универзитет, 2011**

## МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ ПУБЛИКАЦИИ ВО МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА СО ИНДЕКС:

**Open Access Journals (EBSCO) и Global Impact and Quality Factor:**

**1.** Jovcheska S., Zununi Z., “Modern Management of Global Virtual Teams on an International Level” **Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.38, 2022 (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**
**2.** Jovcheska S., “Modern Organizational Identity Through Digital Management”, **Economic Development, Journal of the Institute of Economics- University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Year. 24 No. 1/2021 (EBSCO, CEEOL);**
**3.** Jovcheska S., "Effects on international management during COVID-19”, University of Nacional and World Economy, International Conference: “**19th International Scientific Conference: Bulgarian Memebrship in the European Union - Thirteen Years Later**”, **Sofia, Bulgaria, 2020**
**4.** Jovceska S., Zununi Z., “The strategic role of international human resource management”, **SPECTRUM, 1. Studious and scientific magazine,** AUE-FON University – Skopje, 2020
**5.** Jovcheska S., “The Necessity of Professional Mentors for Successful Expatriate’s Adaptation on Their Retrieval to Their Home Countries” **Knowledge, (International Journal Scientific and Applicative papers V30.6), 2019 (EBSCO, Copernicus, Global Impact & Quality Factor 1.822)**
**6.** Jovcheska S., “Multinational and International Teams - Strategy for Performing Critical Organizational Projects”, **Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.32, 2019 (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**
**7.** Jovcheska S., Zununi Z. “Brand Management and Intellectual Property”, **Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.30, 2018 (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**
**8.** Jovcheska S., Zarezankova Potevska M., “Correlation Between the Way of Managing Human Resources and Strategy to Compete in the International Market”, **ANNUAL of ISPJR, University “Ss. Cyril and Methodius”, Volume XLI, 2017 (EBSCO, 4.0 International Licence)**
**9.** Jovcheska S., “Strategic Approach to Permanent Education and Profesional Development in a International Scale”, **Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.27,2017 (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**10.** Jovcheska S., Zarezankova Potevska M., “Types of Concepts of Organizational Culture” **Knowledge, (International Journal Scientific and Applicative papers V17.4), 2017 (EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.322)**

**11.** Zarezankova Potevska M., Jovcheska S., “Personal Moralof Entrepreneurs” Knowledge, (International Journal Scientific and Applicative papers V16.4), 2017 **(EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**12.** Jovcheska S., “Identification of Management Potential to Work at International Market” Knowledge, **(International Journal Scientific and Applicative papers V15.3), 2017 (EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**13.** Jovcheska S., Jankova N., “The global market and the global work force” Knowledge, (International Journal Scientific and Applicative papers V12.2), 2016 **(EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**14.** Jovcheska S., Popovski V., “Professional profile of a successful international manager” ANNUAL of ISPJR, University “Ss. Cyril and Methodius”, Volume XXXIX, 2015 **(EBSCO, EBSCO, 4.0 International Licence)**

**15.** Popovski V., Borota P.M., Jovcheska S., “Factors Ranked by Expatriate Managers for the Successful Implementation of the International Task” **Economic Development N.3/2014, Journal of the Institute of Economics, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje (EBSCO, CEEOL-Frankfurt, Germany)**

**16.** Jovcheska S., Chudoska I., Zununi Z., “Profile of Professional and International Managers”, **Vizione 24, Visione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.24, 2015 (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**17.** Zunni Z., Jovcheska S., “General Electric Company – Successful Strategy for Successful Performance in the International Market” **Vizione 23/2015**, **International Journal of Economics, Politics and Sociology (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**18**. Jovcheska S. “Evaluation of Training Programs and Professional Development of Human Resources” Knowledge Vol.9, 2015 (International Journal Scientific and Applicative papers V9) **(EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**19**. Zununi Z., Jovcheska S., “Planing Human Resources – Practice for Working of Modern and Successful Companies in a Global Level” **Vizione n.21, 2014 (International Journal of Economics, Politics and Sociology, (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**20.** Јовческа С., “Бизнис и професионална кариера во национални размери”, New Knowledge for the New People”, Knowledge Vol.1&2, 2014, International Journal Scientific and Applicative papers V9, **(EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**21.** Јовческа С., “Поддршка во развојот на мали и средни претпријатија”, **VII Majska konferencija o strategijskom menadzmentu i VII Studentski simpozijum o strategijskom menadzmentu, Zajecar, Srbija, 2011(EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**22.** Јовческа С., **“**Стратегија за развој на образованието во земјите од Западен Балкан”, I Međunarodni naučni skup o ekonomskom razvoju i životnom standardu, **EDASOL, Panevropski Univerzitet Aperion, Banja Luka, Bosna i Hercegovina, 2011(EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**ОСТАНАТИ ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ ЗБОРНИЦИ, КОНФЕРЕНЦИИ И УЧЕСТВО НА НАУЧНИ НАСТАНИ**

1. Jovcheska S., "Profesional Managers for Profesional European Values" International Scientific Conference "European Union's Strategy for the Danube Region in the 21st century" (27th Conference "Danube- River of Cooperation"), **Institute of International Politics and Economics, Belgrade, September, 2016**

**2.** Jovcheska S., Zununi Z., "The New Role of Multinacional Corporations" **Crossroads, The Macedonian Foreign Policy Journal, nov.2015, Vol.IV. No.3**

**3.** Jovcheska S., "The Principles of Action of Multinational Corporations in the International Environment Management" International Scientific Conference "European Union's Strategy for the Danube Region in the 21st century" (26th Conference "Danube- River of Cooperation) , **Institute of International Politics and Economics, Belgrade, September 27-28th 2015**

**4.** Jovcheska S. "International Communication – a Visa for Successful Accomplishment of an International Task", **University of National and World Economy, Department of International Economic Relations and Business", Sofia, October, 2014**

**5.** Jovcheska S., "International Business – Creator of a New Economic Structure with New Functional Characteristics of the International Organizational Structures and New Typology of International Corporate Cultures" "The Old and New World Order – Between European Integrations and Historical Burdens: Prospects and Challenges for Europe in the 21st Century", **Institute of International Politics and Economics, Beograd, May, 2014**

**6.** Jovcheska S., "Distance learning in contemporary international corporations – a key to successful management", **International on-line publication, Distance Education Network, Baden, april, 2014**

**7.** Јовческа С., "Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар", **докторска дисертација, Економски институт "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 10.06.2014;**

**8.** Jovcheska S., "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Six Years After It's Eastern Enlargement, **University of National and World Economy, Department of "International Economic Relations and Business", Sofia, 11 October 2013**

**9.** Jovcheska S., "Management Strategic Directions of Development for the Countries of Western Balkans", "Strategic Developments and Establishment of Serbia's Position in Contemporary International Relations", **Institute of International Politics and Economics, Beograd, 22-23 april, 2013;**

**10.** Jovcheska S., "Shperngulja e popullsise nga rajoni i Mavroves dhe Rostushes per ne Turqi", Studime Albanologjike, **Instituti i trashegimise shpirterore e kulturore te shqiptareve, Skopje, 2012**

**11.** Jovcheska S. "Population Migration – A Never Ending Process", **Crossroads, The Macedonian Foreign Policy Journal, sep.2011-march.2012, Vol.III. No.1**

**12.** Jovcheska S., "Levizija natyrore e populates se pergjithshme ne fshatrat te cilat sot I perkasin Komunes Mavrove dhe Rostushe", **Visione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.17, 2011j**
**13.** Jovcheska S., Zunun Z., "Europeization and Macedonian Emigration in the European Countries – Example of Italy", **Identity in the Era of Globalization and Europeanization, International Scientific Conference, University "St. Ciril and Metodij", Skopje, 2011**
**14.** Јовческа С., "Имплементација на квалитетна социјална политика предуслов за побрз економски раст и развој на Р.Македонија", **Visione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.16, 2011**
**15.** Јовческа С., "Дизајнирање на тимската работа клучен фактор за организациска ефективност", **магистерски труд, Институт за социолошки и политичко правни истражувања "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, 2009**
**16.** Јовческа С., "Невработеноста резултат на степенот на образование" – **Knowledge – Capital of the Future, International Scientific Conference, Ohrid, 2009**
**17.** Јовческа С., "Комуникациски процес" – **Knowledge – Capital of the Future, International Scientific Conference, Ohrid, 2009**
**18.** Јовческа С., "Тимската работа клучен фактор за организациска ефективност" – **Knowledge – Capital of the Future, International Scientific Conference, Ohrid, 2009**

**УЧЕСТВО НА ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ**

**1. Institute of Economic Sciences in Belgarde,** "XII International Scientific Conference Emerging Trends in Business Economics: Towards Competitiveness, Digitalization and Financial Innovation", Belgrade, **28-29.10.2020**
**2. AAB College,** International Academic Conference: The Perspective of Integration of the Western Balkans into the EU, **Pristina, Kosovo, 2021**
**3. University of Nacional and World Economy in Sofia,** International Conference: "19th International Scientific Conference: Bulgarian Memebrship in the European Union - Thirteen Years Later", **Sofia, Bulgaria, 2020**
**4. MakeLearn & TIIM International Conference:** "Thriving on Future Education, Industry, Business and Society", **Piran, Slovenia, 2019**
**5. University of Nacional and World Economy, International Conference**: " The EU Six Years After It's Last Enlarement: Problems and Prospects", **Sofia, 2018**
**6. University of Nacional and World Economy, International Conference**: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Tenth Years After, **Sofia, 2017**
**7. Institute of Economic Sciences in Belgarde,** European Union's Strategy for the Danube Region in the 21$^{st}$ century", "Danube- River of Cooperation, **Belgrade, 2016**
**8. University of Nacional and World Economy, International Conference**: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Ninth Years After, **Sofia, 2016**
**9. University "Goce Delchev" Shtip, International Conference FILCO**: Jankova Natka, Jovcheska Silvana - THE ART OF BUSINESS ENGLISH, 2016

**10. Institute of Economic Sciences in Belgarde,**European Union's Strategy for the Danube Region in the $21^{st}$ century", "Danube- River of Cooperation, **Belgrade,2015**
**11.University of Nacional and World Economy, International Conference**: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Eight Years After, **Sofia, 2015**
**12. Institute of Economic Sciences in Belgarde,** "The Old and New World Order – Between European Integrations and Historical Burdens: Prospects and Challenges for Europe in the $21^{st}$ Century", **Belgrade, 2014**
**13.University of Nacional and World Economy, International Conference**: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Seven Years After It's Eastern Enlargement, **Sofia, 2014**
**14. Institute of Economic Sciences in Belgarde,** "Strateski pravci razvoja i utvrdivanja polozaja Srbije u savremenim medzunarodnim odnosima", **Belgrade, 2013**
**15.University of Nacional and World Economy, International Conference**: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Six Years After It's Eastern Enlargement, **Sofia, 2013**
**16.** "Western Balkans and relations with the Former Yugoslav Republic of Macedonia", **NATO, Brussles, Belgium, 2012**
**17.** "Current Political Issuies and Chicago Summit" **NATO, Brussles, Belgium, 2012**
**18.** "SHAPE and Allied Command Operations", **SHAPE, Brussles, Belgium, 2012…**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Доц. д-р Силвана Јовческа** е со долгогодишно работно искуство во високото образование како **соработник/асистент, научен истражувач и доцент** во областа на Меѓународниот менаџмент и Бизнис менаџментот. Доц. д-р Јовческа има учествувано на значителен број меѓународни и домашни конференции, семинари и научни собири и има издадено повеќе рецензирани научни трудови, книги и универзитетски учебници од страна на престижни домашни и меѓународни академски издавачки куќи преку што се согледуват нејзините солидни постигнувања во науката и наставниот процес. Врз основа на сето досега изнесено, имаме особено задоволство и чест да ја предложиме **Доц. д-р Силвана Јовческа** за реизбор во **наставно-научно звање Вонреден професор во области – Меѓународен менаџмент (50609) и Бизнис менаџмент (50603).**

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

1. Проф. д-р Баки Колеци, Претседател
2. Проф. д-р Васил Поповски, Член
3. Проф. Емеритус д-р Мирко Трипуноски, член